РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 13-130/2
20.11.2013 год.

Република Македонија
Институт за фолклор
„МАРКО ЦЕПЕНКОВ" ц.о.
Бр. 03-498
21.11.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на РМ, на својата 23. седница одржана на 30.10.2013 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација нова студиска програма „Фолклористика", втор циклус едногодишни студии на Институтот за фолклор „Марко Цепенков", Скопје**

1. Се акредитира нова студиска програма **„Фолклористика", втор циклус едногодишни студии на Институтот за фолклор „Марко Цепенков", Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една години (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по фолклористика,** научно-истражувачко подрачје: Хуманистички науки, научно истражувачко поле: Етнологија и етногенеза, научна област: Фоклористика (интермедијални студии по фолклористика, фоклористички истражувања на културата).

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на претходно донесената одлука на Научниот совет на Институтот за фолклористика „Марко Цепенков за организирање втор циклус стручна специјализација за едногодишна студиска програма „Фолклористика" и одлуката на Универзитетскиот сенат на УКИМ за усвојување на таа студиска програма, на 10.07.2013 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог

за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обврaзование во РМ, на меѓуседница 21/22, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 23. седница одржана на 30.10.2013 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски